ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 15-354/24

**Дата:** 17.04.2012

ДО:

## РЕЗИМЕ

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност која се однесува на ефикасноста на судството во решавањето на предметите.

Ревизијата е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2011 година.

Врз основа на извршената ревизија, утврдивме дека со реформите во судството се постигнати многубројни придобивки, кои пред се се однесуваат на намалување на заостанати стари предмети, како и зголемување на ажурноста при решавање на приливот на нови предмети. Ова пред се се должи на имплементација и примена на Автоматизиран компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС), воведување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно, спроведување на континуирани обуки на судиите и извршено усогласување на законите од областа на судството со истите кои се применуваат во Европската унија. Во насока на натамошен напредок во областа на судството, во претстојниот период е и реализација на проект чија основна цел е изнаоѓање на методологија за одредување цена на чинење на судски предмет, воведување на тонско снимање и електронска достава. Покрај многубројните достигнувања, сепак постојат одредени области во кои треба да се вложат напори со цел да се постигне поголема ефикасност.
Утврдената состојба изнесена во точките од 1.1 до точката 4.3 во овој Конечен извештај укажува на тоа дека: финансиските, материјално - техничките и човечките ресурси се недоволни, доставата на „судските писмена и други акти“ е несоодветна и ненавремена, судската практика и инструментот „медијација“ не се применуваат во доволна мера што може да влијае на бројот на решени судски предмети, времетраењето на судската постапка и квалитетот на донесените

судски одлуки.

Прелиминарните истражувања кои ревизорскиот тим ги спроведе во Министерство за правда, Судски Совет на Република Македонија, Судски буџетски совет, Апелационен суд Скопје, Управен суд, Основен суд Скопје I, Основен суд Скопје II и Академијата за обука на судии и јавни обвинители, беа насочени кон осознавање на следните области:

- запазување на временската рамка утврдена со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) при усогласување на националната законска регулатива од областа на правосудството со регулативата на Европската унија, како и подобрување на постоечката законска регулатива;
- влијание на финансиските, материјално - техничките ресурси и човечките капацитети ангажирани во судството врз ефикасноста во решавањето на предметите;
- анализа на донесените судски одлуки од аспект на нивниот квантитет и квалитет и
- достапност, примена и влијание на судската практика, законската регулатива и инструментот „медијација“ при решавање на судските предмети.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е 2009 и 2010 година, иако се дадени состојби и настани кои се случиле и во тековната 2011 година.

Од утврдените ризици со прелиминарното истражување, произлегоа заклучоци, по што ревизорскиот тим изготви ревизорска програма на активности. Ревизорската програма опфати активности за обезбедување на доволно комплетни и релевантни докази од Министерство за правда, Судски Совет на Република Македонија, Судски буџетски совет, четири апелациони суда (Скопје, Штип, Гостивар и Битола), дванаесет основни суда (Скопје I и Скопје II, Велес, Куманово, Неготино, Кавадарци, Гостивар, Тетово, Битола, Охрид, Штип и Струмица), врз основа на кои се сними состојбата во судството и се донесоа заклучоци во рамките на поставените ревизорски цели.

Состојбите кои се прикажани во Конечниот извештај се резултат на применетите постапки на ревизија со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби во судството, идентификување на ризичните области поврзани со нормативните, организациските, финансиските, материјално - техничките, кадровските и други претпоставки за ефикасно функционирање на судството, откривање на клучните фактори кои влијаат врз ефикасноста, нивна анализа, утврдување на причините за постојната состојба и креирање на јасни и реални препораки по кои надлежните лица и институции треба да постапат. Препораките произлезени од оваа ревизија насочени се кон подобрување на правосудниот систем, зголемување на довербата на јавноста во правосудниот систем на Република Македонија и остварување на стратешките приоритети на

Владата на Република Македонија и Министерството за правда во делот на правосудниот систем.
Извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесените заклучоци.

Со ревизијата на успешност, констатирани се состојби кои влијаеле, а некои од нив и се уште влијаат на ефикасноста на судството во решавањето на предметите:

- Расположливите средства за финансирање на судската власт, не обезбедуваат непречено функционирање на судството;
- Постои недоволна кадровска екипираност во судовите, стручно усовршување на судската служба и другите вработени и делумно воспоставена евиденција за судската служба;
- Судовите не располагаат со доволен и соодветен простор за работа, опрема и информатичка технологија;
- Отсуство на законски или подзаконски акт во кои јасно ќе бидат дефинирани критериуми со кои ќе се овозможи објективен избор и можност за поголема ангажираност на регистрираните поротници, вештаци и преведувачи;
- Ненавремената и неуредната достава на документи од и до судовите влијае врз нивната ефикасност;
- Ревизијата не обезбеди доволни и квалитетни докази кои ќе укажат на постоење на јасни критериуми врз основа на кои е определен ориентациониот број на предмети кои треба еден судија да ги реши во текот на еден месец;
- Недоволна достапност, примена и влијание на судската практика и инструментот „медијација" при решавање на судските предмети и
- Не се формирани Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права и Меѓуресорска комисија за извршување на одлуките од Европскиот суд за човекови права а во нивно отсуство, работата ја вршеле вработени во Министерството за правда.

На Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор доставени се забелешки од Академијата за судии и јавни обвинители и Основен суд Кавадарци. Забелешките се разгледани и е оценето дека не содржат елементи за измена или дополнување на состојбите искажани во Нацрт извештајот, освен во прилозите поради дополнително доставени податоци од Основниот суд Кавадарци. Поради тоа формулациите по одредени наоди, состојби и препораки како и формулациите во резимето од извештајот останууваат непроменети во Конечниот извештај.